**Влада на Република Северна Македонија**
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА
## ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, ноември 2019 година

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на _____ година, донесе

О Д Л У К А
за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија, Раздел 040.01 - Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10 - Администрација, ставка 463 – Трансфери до невладини организации.

Член 2

Распределбата на средствата од член 1 на оваа одлука на корисниците се врши преку грантови за програми (проекти) во приоритетни цели утврдени со Програма за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации.

Член 3

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од Буџетот на Република Северна Македонија се:

1. Да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавувањето на огласот;
2. Работењето и дејствувањето е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата;
3. Да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

Одредбата од став 1 точка 3 на овој член не се однесува на барањата за надомест на делот за кофинансирање на ЕУ проекти од страна на крајните корисници.

Член 4

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат критериумите од член 3 на оваа одлука, се врши врз основа на следните посебни програмски критериуми:

| Области | Максимум бодови |
|---|---|
| 1. Организациски капацитет | 20 |
| 1.1. Дали здружението/фондацијата има организациска структура и ресурси за спроведување на проектот (вработени, активни волонтери или хонорарно ангажирани лица, канцелариски простор, техничка опрема и способност да раководи со буџетот) | 10 |
| 1.2. Дали здружението/фондацијата има искуство во областа (приоритетната цел) за која се пријавува на огласот | 10 |
| 2. Мрежно работење и соработка | 5 |
| 2.1. Дали здружението/фондацијата членува во мрежи и платформи на граѓански организации (национални и меѓународни) и во последните 3 години реализирале проекти во соработка со други организации или органи на државната управа | 5 |
| 3. Квалитет на проектот | 50 |
| 3.1. Колку општата цел на проектот ќе придонесе кон реализацијата на дадената приоритетна цел | 10 |
| 3.2. Колку е кохерентен целокупниот проект и дали содржи јасна заложба за негово спроведување | 10 |
| 3.3. Дали спроведувањето на активностите доведуваат до остварување на предвидените резултати во проектот | 10 |
| 3.4. Дали планот за спроведување е јасен и остварлив | 10 |
| 3.5. Дали постојат јасно дефинирани индикатори за мерење на постигнувањата | 10 |
| 4. Буџет и ефикасност на трошоците | 20 |
| 4.1. Дали активностите соодветно се одразуваат во буџетот | 10 |
| 4.2. Дали односот помеѓу предвидените трошоци и очекуваните резултати е соодветен | 10 |
| 5.Бодови за поттикнување на рамномерен регионален развој согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година | 5 |

Член 5

Распределбата на средствата од член 1 на оваа одлука се спроведува врз основа на оглас, кој се објавува во средствата за јавно информирање 30 дена по донесување на Буџетот на Република Северна Македонија.

Распределбата на средствата се спроведува согласно добрата практика за обезбедување финансиска поддршка утврдена во Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

Член 6

Здруженијата и фондациите кои се пријавуваат на огласот треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка;
2. Предлог – проект;
3. Копие од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на здружението/фондацијата не постара од шест месеци;
4. Копие од статутот;
5. Копие од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за претходната година или изјавата доставена до Централниот регистар дека во претходната година имале приход помал од 2.500 евра во денарска проттивредност според курсот на Народна банка Република Северна Македонија;
6. Извештај за работата со цели, активности, резултати и извори на финансирање во претходната година.

Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка по огласот.

Член 7

Изборот на проекти се врши од страна на Комисија на Владата, составена од членови на Владата и на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по спроведена проценка на квалитетот на предлог-проектите од страна на оперативна група назначена од членовите на Комисијата.

Член 8

Доделените средства се користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог-проектот.

Во рок од 30 дена по завршувањето на своите програмски активности, а најдоцна од 31 јануари наредната година или друг рок што ќе го определи Владата на Република Северна Македонија, здруженијата и фондациите доставуваат извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 9

Административно - техничките работи за распределба на средствата ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/2009).

Член 11

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. ____________
______ година
Скопје

Претседател на Владата на
Република Северна Македонија
Зоран Заев

О б р а з л о ж е н и е

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија утврдени во Разделот 040.01-Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 10-Администрација, ставка 463-Трансфери до невладини организации, наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации се користат врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, на предлог на комисија формирана од Владата, а здруженијата и фондациите до Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат доставуваат програми за намената на бараните средства, по претходно распишан оглас.

Основните организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на овие средства, како и постапката и посебните програмски критериуми за проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се уредени со Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр.23/09). Одлуката е донесена врз основа на Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2009 година и Законот за здруженија на граѓани и фондации од 1998 година.

Во текот на ноември 2019 година, Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија спроведе широк консултативен процес со граѓанскиот сектор за утврдување на приоритетите за финансиска поддршка во 2020 година, основните организациски критериуми што треба да ги исполнуваат граѓанските организации и потребните документи при поднесување на пријава на огласот за финансиска поддршка на Генералниот секретаријат на Владата, како и посебните програмски критериуми за проценка на квалитетот на предлог-проектите. На 5.11.2019 година до 6.740 граѓански организации беше доставено известување за пополнување на online прашалник, а на 12, 14 и 15.11.2019 година беа одржани консултативни средби во Скопје, Битола и Штип, на кои учествуваа 58 претставници на граѓански организации. За овие прашања беше формирана и работна група од членови на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, чии предлози заедно со извештајот од консултативниот процес беа разгледани на седницата на Советот одржана на 25.11.2019 година.

Согласно член 3 од предложена одлука, основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од Буџетот се: да се регистрирани согласно одредбите на Законот за здруженија и фондации најмалку една година пред објавувањето на огласот, работењето и дејствувањето да е насочено кон пошироката јавност и кон интересите на заедницата и да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори. При тоа, последниот услов не се однесува на

барањата за надомест на делот за кофинансирање на ЕУ проекти од страна на граѓанските организации како крајни корисници.

Почитувајќи ги насоките на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во делот на посебните програмски критериуми за проценка на квалитетот на проектите (член 4 од предложената одлука), намален е бројот на бодови за организациска структура и ресурси (вкупно 20 бодови), а зголемен е бројот на бодови за квалитет на проектот (вкупно 50 бодови) и буџет и ефикасност на трошоците (вкупно 20 бодови). Исто така, со цел да се поттикне развојот на граѓанскиот сектор надвор од главниот град, се предлагаат дополнителни максимум 5 бодови за поттикнување на рамномерен регионален развој согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за периодот од 2018 до 2023 година („Службен весник на РМ“ бр.234/18).

Следејќи го позитивното искуство во процесот на распределба на финансиските средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во член 7 од предложената одлука се предвидува изборот на проекти да се врши од страна на Комисија на Владата, составена од членови на Владата и на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по спроведена проценка на квалитетот на предлог-проектите од страна на оперативна група назначена од членовите на Комисијата.

Со донесувањето на оваа одлука и Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2020 година, преку транспарентен и доверлив процес на распределба на финансиските средства, здруженијата и фондациите со своите програми/проекти ќе учествуваат во реализацијата на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, а истовремено ќе се придонесе кон финансиска одржливост на граѓанскиот сектор, како еден од приоритетите на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020.